**20242284025**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА РОМАНИЈА

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца се забранува увозот и транзитот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од округот Тулча/județul Tulcea во Република Романија.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живина, и тоа кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч,

2) јајца за ведење, и тоа јајца за инкубација снесени од живина,

3) птици, и тоа животни од класата Aves, освен:

- живина,
- птици кои се увезуваат согласно програмите за зачувување на одредени видови птици,
- домашни миленици во придружба на сопственикот,
- птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти,
- птици наменети за научно - истражувачки институти или центри и
- гулаби - писмоносци внесени на територијата на Република Северна Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени,

4) конзумни јајца од живина и пернат дивеч,

5) месо, мелено месо, подготовки од месо и механички обескоскено месо од живина и пернат дивеч,

6) производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч,

7) сурова храна за домашни миленици и непреработен материјал за храна за исхрана на животни кој содржи делови од месо од живина и пернат дивеч и

8) нетретирани трофеи од пернат дивеч.

Член 2

По исклучок од член 1 став (2) точка 6) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч само доколку месото од овие видови било подложено на еден од специфичните третмани B, C или D дадени во Прилог 6 Дел 6 Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно - здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат

пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло (*1).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-2963/1
4 ноември 2024 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.

---

(*1) Прилог 6 Дел 6Г од Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарноздравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло е усогласен со Дел 4 од Анекс II од Одлуката на Комисијата 2007/777/ЕК од 29 ноември 2007 година за здравствените барања на животните и јавното ветеринарно здравство и моделите на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз на одредени производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева за исхрана на луѓе од трети земји и со која се повлекува Одлуката 2005/432/ЕК, CELEX бр. 32007D0777.